roma index

# ТОП ТЕМА:
**Совети за матурантите - идни студенти**

# РОМАВЕРЗИТАС АЛУМНИ:
**„Со квалитетно образование, желба и труд до успехот“**

# ИНТЕРВЈУ:
**Проф. Д-р Софија Георгиевска**
**Професионална ориентација**



**За издавачот:**
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
- ISSN 2545-4005

**Контакт:**
Адреса: „11 октомври“ бр.18/7, 1000 Скопје
Телефон: 076/22 55 68
e-mail: office@romaversitas.org.mк

# СОДРЖИНА

**3** ИНФО
Микроистражување
Курсеви по странски јазици
Ромски институт за уметност и култура

**6** ТОП ТЕМА
Совети за матурантите - идни студенти

**9** РАЗГОВОР СО...
Изјави на апсолвенти Роми

**12** ИНТЕРВЈУ СО...
Проф. Д-р Софија Георгиевска
Професионална ориентација

**17** РОМАВЕРЗИТАС АЛУМНИ
Доан Сулејмановски
„Со квалитетно образование, желба и труд до успехот“

**20** СОЦИЈАЛНА ПСИХОЛОГИЈА
Адолесценција – период на формирање идентитет или конфузија?

**22** РОМСКИ ИДЕНТИТЕТ
Ден на отпорот - 16 Мај
ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ!



Одговорен Уредник за Рома Индекс бр.6
ЈОСИФ РАШИДОВСКИ,
студент на Правен факултет, УГД



МУХАМЕД АЈВАЗ,
студент на Филозофски факултет, УКИМ



ОРНЕЛА ГАНИ,
студент на Филозофски факултет, УКИМ



ЕЛСОН ИЉАЗ,
студент на Бизнис Администрација, УГД



АЛЕН УМЕР,
студент на Медицински факултет, УКИМ



СЕЛИКА АЛИЛИ,
студент на Економски факултет, УКИМ



ЕНЕС БИЛАЉИ, студент на Факултетот за Јазици, Култура и Комуникација, УЈИЕ

**Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:**

Силхан Саитов, Проектен менаџер
Сеара Сулејман-Османи, Финансиски асистент
Шенај Османов, Локален проектен координатор во Штип
Денис Исмаили, Локален проектен координатор во Тетово

# ИНФО



## МИКРОИСТРАЖУВАЊЕ „Аспирации, лидерски вештини и активизам кај студентите Роми“

Студентите Мухамед Ајваз и Сандра Милошевска спроведоа микроистражување на тема „Аспирации, лидерски вештини и активизам кај студентите Роми“ во рамки на „Студентски иницијативи и проекти“. Истражувањето се реализираше од март до мај годинава и ќе придонесе кон добивање сознанија за степенот на изразеност на лидерските вештини и аспирации кај студентите Роми и на нивната подготвеност да се вклучуваат во општествените случувања и промени.

Истражувањето, велат Ајваз и Милошевска, овозможи увид во фактичката состојба и може да послужи како основа за понатамошни истражувања. За добивање податоци се користени квантитативниот и квалитативниот метод на истражување.

Според авторите на истражувањето, добиените резултати се зачудувачки и тие ќе го привлечат вниманието на јавноста. За датумот на одржување на презентацијата на извештајот, здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” дополнително ќе ги извести сите заинтересирани во наредниот период.

## 76 студенти со подобрени вештини по странски јазици

Точно 76 студенти Роми посетија курсеви по странски јазици од февруари до мај 2017 година во рамки на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје, Штип и Тетово. Од нив, 60 студенти ги подобрија своите вештини за англиски јазик, 14 студенти за германски и 2 студенти за француски јазик. Откако заврши курсот, со сертификат за успешно завршен курс се стекнаа 50 студенти од Скопје, 13 од Тетово и 13 од Штип.

*Курсевите се дел од проектот „Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“, финансиски поддржан од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.*



## Отворен Ромски Институт за уметност и култура

Врз основа на принципот на самопретставување, во Берлин беше отворен Ромски Институт за уметност и култура. Според основачите, најдобро е 12-те милиони Роми во Европа да ја претстават сликата за тоа кои се, односно кои не се. Новиот Институт (European Roma Institute for Arts and Culture - ERIAC) е отворен во Германија и ќе биде воден од страна на Роми научници, активисти и уметници.

Институтот беше отворен со уметничка изложба на современи уметници Роми од 8 држави кои оставаат трага во европската уметност и култура.

Според извршниот директор Тимеа Јунгхаус, Институтот ќе



биде центар за Ромите каде ќе може да се самоизразуваат. „Кога ќе се земе в предвид дека само едно од 10.000 дела од државните збирки кои се изложуваат во Европа е од ромски уметник, тогаш имаме идеја за промени која треба да се случи“.

Институтот е резултат на напорите на широката коалиција Роми научници, активисти и уметници, кои создадоа Алијанса за Европски институт за Ромите. Оваа Алијанса е движечка сила за реализирање на Институтот, остварувајќи поддршка од Советот на Европа и фондациите Отворено Општество на филантропот Џорџ Сорос.

Повеќе информации за Институтот на следниот линк:
https://search.coe.int/directorate_of_communications/Pages/result_details.aspx?ObjectId=090000168071cc75



*автор: Елсон Иљаз*

# ТОП ТЕМА




## СОВЕТИ ЗА МАТУРАНТИТЕ - ИДНИ СТУДЕНТИ

Запишувањето на факултет не е само формален чекор. Тоа е темел на којшто ќе го базираме нашиот личен и професионален развој. Инвестирањето во себе секогаш е исплатливо. Иако, ова не е сфатливо за дел од младите луѓе, кои по завршување на средното образование не одат на факултет.

Не се подготвени за соочување со предизвиците што ги нуди факултетот – барањата редовност на предавањата, обемните материјали за учење, финансиската одговорност и слично. Напротив, тие се вработуваат за минимална плата, иако анкетите покажуваат дека речиси 85% од оние кои не запишале факултет, подоцна во животот жалат што не го сториле тоа. Високото образование со себе носи многу поволности. Пример, можноста за вработување доколку имате високо образование е 50% поголема од можностите на луѓето со средно образование.

Пред сé треба да се посветите на учењето, но покрај тоа важно е да се спомене дека студентските забави се многу чести и студентското дружење е на многу високо ниво. Секоја недела се организираат студентски забави, а покрај тоа, невладините организации многу често организираат семинари во други градови, и тамошната дружба е многу интересна.

**Треба да се учи, но најважно е да се живее студентскиот живот.**

## Дилеми и предизвици при избор на вистинскиот факултет

Најголемиот предизвик на матурантите и идните студенти е - што понатаму? Каде да се запишат? Дали тоа ќе биде вистинскиот избор на факултет? И уште многу неодговорени прашања. При одлучувањето на кој факултет да се запишете, една од грешките што се прави, е на Вашата одлука да влијае друштвото - каде што ќе се запише “екипата” од средно, таму и Вие.

Овој чекор е многу погрешен и може да доведе до ситуација да се покаеме во иднина. Исто така, погрешно е и доколку во одлуката влијаат вашите родители. Секако, најважно при одлучувањето за факултет, универзитет и насока/смер, пред сé, треба да бидат вашите лични интереси. Пред да одлучите, направете еден монолог со себеси - каде се гледате во иднина и која е работата за која што сте сонувале. Токму таму лежи вистинскиот ваш избор на факултет.

Втора важна работа при избор на факултет е **да го истражите пазарот на трудот, да видите кои се занимањата од кои што има потреба** и преку кои занимања ќе заработувате повеќе, бијеќи ќе бидете личност со приоритетно занимање.

Исто така, важно е да истражите (доколку можете) колку факултетот располага со професионални кадри, колкави се можностите за вработување со дипломата со која што ќе се стекнете, каква е конкуренцијата при уписи, организацијата на сите оддели на факултетот и **најважно од сé, да студирате она што Ве интересира.**

## Се запишавте! Што да правите?

Откако ќе го направите вистинскиот избор, треба да се држите до следниве работи: секогаш одете на предавање, запознајте нови пријатели – бидете дружељубиви, приклучете се кон младинските организации и организациите кои работат за подобрување на студентскиот стандард.

Никогаш не губете надеж во тоа што го правите и во ниту еден случај не се откажувајте. Запомнете дека како што бодибилдерите ги надградуваат своите мускули со кревање на тежина, интелектуалците ги надградуваат мозоците со читање и учење. Во знаењето е моќта! Можноста за учество во младинските и невладините организации во никој случај не смее да се пропушти бидејќи токму тие форми се најголемите двигатели на мотивите за остварување на целта на секој студент – Дипломирањето. Зголемете го вашето дружење со вашите колеги, без разлика дали се генерациски исти или повозрасни од вас. Токму таа дружба

ќе допринесе до ваша информираност за административните процедури на факултетот, како и кои се “финтите” за положување кај одреден професор или одреден предмет.

**Советите од вашите колеги кои што се запишани во повисоките години и кои што студираат на истиот факултет се од огромна важност,** од причина што благодарение на нив ќе научите како да го совладате материјалот, на што поточно да обврнете внимание, кои се важните точки и сл.

Тие работи ќе ви помогнат на полесен начин да ги положите предметите со поголема оценка и навремено да дипломирате.

Доколку сакате, како студенти ја имате можноста преку агенциите за работа во странство, за време на летните одмори, да работите во некоја од странските земји со студентска работна виза од 3 месеци. Можете да работите во Мек Доналдс, Бургеркинг и слично, а притоа да заработите доволно за да можете сами да го финансирате вашето образование.

Мојот совет кон вас е – Превземете го животот во ваши раце, направете една убава приказна која што во иднина ќе вреди да ја раскажете. Борете се за да бидете успешни и да го остварите вашиот сон или она што сте си го замислиле. Среќно !



Агенцијата за вработување нотира дека приоритетни занимања со високо образование (програми додипломско и постдипломско универзитетско образование), во моментов, се: Програмер, Информатичар, Системски Администратор, Развивач на софтвер, Инженер на софтвер, Графички дизајнер, Инженер за организација на производство, Градежен инженер, Машински инженер, Архитект, Фармацевтски технолог, Инженер технолог за фармацевтски производи, Машински технолог за одржување на процесна опрема, Маркетинг агент, Сметководител, Економисти (за финансии, за осигурување, за банкарство, за менаџмент). Просечна плата на месечно ниво за горенаведените струки е 800 евра.

Здружението на граѓани “РОМАВЕРЗИТАС” – Македонија се занимава со академска и друга поддршка на студенти Роми. Нуди многу програми кои што служат за зајакнување на студентите Роми како што се Туторство/Менторство, курсеви за јазици, курсеви по компјутери, располага со лична библиотека, организира работилници и семинари за проширување на знаењата и зајакнување на капацитетите на студентите, дава грантови за студентски иницијативи и проекти, како и многу други поволности за кои што може да се информирате на интернет страната на Ромаверзитас (http://www.romaversitas.org.mk/) и на Фејсбук страната (https://www.facebook.com/groups/romaversitas/ ).

*автор: Орнела Гани*

# РАЗГОВОР СО...




## СИБЕЛ БАЈРАМ

Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“
Катедра за преведување и толкување
Англиски и француски јазик



Го избрав овој факултет бидејќи имам голема пасија кон јазиците, тие се моја јака страна и навистина сакам многу да патувам насекаде низ светот, па и тоа е уште една од причините за овој мој избор.
Моите очекувања се секако, првин да дипломирам, а потоа и да запишам постдипломски студии за да го збогатам моето досегашно знаење, како и да имам поголема можност за напредок и пробивање на пазарот на трудот.
Моите препораки за идните бруцоши, а секако и за останатите студенти се:

- да не се откажуваат без разлика на препреките со кои ќе или се соочуваат;
- да бидат истрајни;
- да се држат до своите желби, замисли и остварување на својот сон.

Колку повеќе вложуваме во нас, во нашето образование и интеграција, дотолку успехот ќе биде посигурен и секако квалитетот секој ќе го препознае.

## АЛЕН УМЕР

Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје
Медицински факултет



Причините за моето студирање на оваа студиска програма е тоа што радиологијата како наука е срцето на модерната медицина, секогаш има можности да бидеш обучен да направиш најразлични дијагностички процедури и да користиш современа техничка опрема. Радиолозите се мостот помеѓу докторот и пациентот и играат важна улога во подготовката на пациентот за испитување.

Препораките кои би ги дал за идните студенти е да размислат со што би сакале да се занимаваат. во иднина, да знаат кои им се академските цели, како тие преку своето образование би придонеле во општеството и дури потоа да се запишат на студии, бидејќи едукацијата е фундаментална потреба на животот.

Со повисоко ниво на образование се стекнуваат поголеми кариерни шанси, подобар личен развој, проширување на своите хоризонти и придонес за развој на општеството.

## СЕАД МЕМЕТИ



ЈугоИсточен Европски Универзитет
Факултет за јазици,култура и
комуникација
Англиски јазик и литература

Како студент на Југо-Источниот Европски Универзитет факултет за Јазици , култура и комуникација оддел Англиски Јазик и литература. Најголемата причина за која се одлучив да го студирам Англискиот јазик беше љубовта спрема јазиците која ми е од голема желба од мојте рани години.
Моите очекувања за во иднина се дека ќе можам моите студии да ги продолжам на мастер за градењето на мојот личен развој, бидејќи борбата не завршува тука! Како добра опција исто така ми стои и вработувањето според мојата струка и тоа што ќе можам да придонесам кон мојата заедница и пошироко. Би било добар пример во училиштата да се појави уште еден Ром лингвист каде би ги учел своите ученици на јазик.

Сметајќи дека во државата предрасудите и стереотипите ке бидат спречени и дека ќе се цени квалитетот и искуството се гледам себеси за еден од тие кој ќе придонесе за заедницата и кој ќе се бори за негување на јазиците и правата на Ромите.
На идните Генерации им препорачувам да си го остварат сонот кој си го имаат замислено и дека само со упорност и труд се стига до целта која сите сакаме да ја оствариме. Да се бориме за тоа што го сакаме а во моментот е тоа што сакаме да студираме, но исто би препорачал и поголемо вклучување во организациите за будење на свеста кај Ромите и поголем придонес кон нашата заедница.
Благодарение на РМУСП, невладините сектори денес можам да кажам дека ми беа од големо значење и помош при моето студирање. Ви благодарам ОПРЕ РОМА!

## РАХМАН ЈАКУПИ



Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје
Медицински факултет
Радиолошки технолог

Мојата најважна причина за да се запишам на медицинскиот факултет пред се беше огромна желба и мотивација и од секогаш сум сонувал да бидам успешен доктор за да и помогнам на мојата заедница за да се надмине лошата состојба. Исто така имам голема емпатија кон луѓето без разлика на националност, боја и раса и сакам да помогнам особено на Ромската популација затоа што и јас потекнувам од Ромско семејство.

## ЕМРАХ АЗИРИ



Факултет за Исламски Науки
Општа теологија

Причината од која јас се запишав на овој факултет е секако желба, но потоа и чувство за потреба од ваков кадар за нашата нација. Од друга страна, јас мислам дека карактерот на човекот исто така се отсликува и на Религијата која тој ја претставува. И затоа моите очекувања од ова поле се големи, и токму тоа е поттик да продолжам со понатамошните студии. Ја користам оваа можност да им препорачам и на идните матуранти да се интересираат и одлучат да студираат на овој факултет.

## ШЕНАС ИМЕР

Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје
Филозофски факултет
Институт за Историја Историја со Архивистика



Како историчар архивист ќе имам поголем пристап до архивистиката, ќе можам да пребарувам низ националните архиви на државите и лично да дознаам некои вистини кои би ме интересирале, поврзани со историските факти, а од друга страна како професор ќе го пренесам моето знаење.
Според мене професорот треба да биде „модел“ за неговите ученици. Тој треба да биде нивен ментор, да знае да ги открие нивните таленти и да им помогне да ги развијат и правилно да ги насочат. Јас би сакала да пронајдам такви Роми кои ќе им помогнат подоцна на својата ромска заедница.

Моите очекувања во следниот период се да ги завршам тековните испити, да дипломирам, да се запишам на педагошка докфалификација во Филозофскиот факултет за да можам да бидам и професор по историја и да се запишам на магистарски студии на Филозофскиот факултет на Институот за историја. Мојата препорака до идните студенти? Размислете за вашето идно Јас и имајте љубов кон таа професија. Формирајте си една скала во живот и чекорете по таа скала. Соочете се со сите предизвици потешкотии во однос на предметите. Кога се има љубов кон професијата ќе се најде и начин како да се надминат сите предизвици и проблеми. Прекрасно е чуството кога ќе се завртиш назад и ја видиш скалата на која и недостасуваат уште неколку чекори до врвот на успехот.

## МАНУЕЛ МУСТАФА

Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје
Медицински факултет
Стручна медицинска сестра



Причини за моето студирање:
• Можноста да се помогне некому, посебно на твојата нација е ГОРДОСТ. Пред се медицината е хумана струка. Откако знам за себе, секогаш сум сакал да студирам на некој од здравствените струки;
• Очекувам по завршување на факултетот да се запишам на мастер студии;
• Медицинскиот факултет не е една трка, туку цел маратон за кој треба голема истрајност.

## ЏЕНГИС МЕМЕДОСКИ

Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје
Педагошки факултет
Предучилишно воспитание



Сакам да ги пренесам стекнаните знаења на деца по одделенска настава и предучилишно воспитание,а пред се самиот да го надоградам своето знаење и да прераснам во совршена личност,да ги подобрам знаењата идните генерации,да стекнам искуство кое ке ми послужи во текот на животот.

Моите пораки за идните студенти се: сите оние кои сакаат да го пренесат своето знаење на идните генерации нека студираат на педагошкиот факултет.

*автор: Селика Алили*

# ИНТЕРВЈУ СО...



*Георгиевска е психолог на Филозофскиот Факултет при Универзитетот Св.„Кирил и Методиј“ во Скопје. Како дипломиран психолог и д-р по социјална работа и политика, ќе се обиде да објасни за тоа што е професионална ориентација на студенти и средношколци и како може, без влијание на трети лица, да ја избереме професијата и кариерата*

**Професор Д-р Софија Георгиевска**

## 1. Што е професионална ориентација?

Човекот две-третини од својот живот поминува работејќи и затоа квалитетот на животот, нивото на задоволство и среќа, во голема мера зависат од тоа дали ќе успееме да се пронајдеме во избраната професија. Еден од предусловите за градење успешна кариера претставува правилниот избор на професијата и затоа, многу е важно да го правиме она што го сакаме, но и она за што имаме потенцијал. Изборот на образовни институции е избор кој ќе го редефинира нашиот живот и затоа добро е темелно да се пристапи на истражување на изборот на училиште, факултет и идната професија. Професионалната ориентација нуди поддршка и помош при донесувањето на оваа важна одлука и помага личноста подобро да се запознае себеси и своите карактеристики кои се клучни при изборот на идната професија, да открие во што е најдобра, колку е подготвена да вложи напор при остварување на своите цели, навики, каква е при организирање на работата, на кој начин го доживува неуспехот, но и наградите и казните. Програмата за професионална ориентација и советување опфаќа тестирање, советување и информирање. Со еден збор, квалитетот на нашиот живот во голема мера зависи од соодветниот избор на професија, реалниот поглед кон денешницата ја подобрува нашата свест, а со тоа не само што ќе бидеме успешни, туку ќе бидеме среќни и исполнети на работното место.

## 2. Од психолошки аспект, која возраст е најсоодветна за одбирање на соодветна професија?

Професионалната ориентација е наменета за учениците од основните и средните училишта, а обично опфаќа тестирања (тестови на способности, лични карактеристики, професионални интереси) и интервјуа кои имаат цел да ги соберат потребните информации за ученикот (интереси, таленти, мотивации, вредности и слично). Процесот вклучува и дел на психолошко советување кое подразбира сумирање на резултатите од проценката и надминување на потенцијалните препреки на ефикасноста во реализирањето на кариерниот план.

Идеално време за тестирање за деца е при завршување на основното образование, а за средношколците е припремањето за факултет, кога е потребно да се направи во последната година пред завршување на средното образование. Постојат многу деца кои поседуваат повеќе таленти и поседуваат низа афинитети и талентирани се во повеќе области: странски јазици, математика, уметност, музика... Кај ваквите деца тестовите се насочуваат кон она што најмногу им одговара. Секое дете за себе претставува посебна приказна, но во исто време потребно е да се согледа дали она што сé сака често се бара на пазарот во поглед на професионалната ориентација. На овој начин лицето, може во вид на хоби да се занимава со она што го сака и она што го сака и она што го привлекува, а да пронајде одредена алтернатива во поглед на работата со која би можело да заработува за живот. Изборот на кариера е екстремно важна одлука затоа што има голем импакт врз иднината на индивидуата. Многу е важно насочувањето кон изборот на кариера да се започне уште пред завршувањето на основното образование со што би се дала некоја насока за понатамошни пошироки избори и предзнаења за професијата која ќе се избере во иднина.
Клучен период за избор е трета или четврта година во средно образование затоа што тогаш следува уписот во факултет кој всушност е генералната насока во кариерата.

Понатамошно, во текот на факултетското и понатамошното високо академско образование сé се сведува на основата-факултетот, како основа за избор на професија. Многу е битно во овие периоди да се разговара со детето, да се даде насока и да се избегне чекање до последен момент пред упис во средно училиште или факултет. Родителот треба да го поттикне своето дете да креира реалистични очекувања, да го поттикне да се залага повеќе, да му помогне со поддршка и да не го поттикнува да се запишува во одредена образовна институција само затоа што таа кариера е добро платена во моментот, а не се вклопува во желбите и аспирациите на детето/тинејџерот. Во овој период добро е да се разговара со психолог, односно специјализирано советодавно лице од оваа област при правењето на одлуки и давање на насоки за професионална ориентација.

## 3. На кој начин се бира професија, постои ли правило?

Изборот на факултет или училиштете е одлука која е значајна не само за професионалната иднина на еден млад човек, туку и пошироко за неговиот идентитет, имајќи предвид во колкава мера професијата е дел од нашето секојдневие и дејствување во околината. На прашањето на кого треба да му се даде предност при изборот на професијата, кај нас често предноста се дава на она што го сака детето. Тоа е многу важно, но исто така не смееме да ја изоставиме реалноста. Неопходно е да се постави рамнотежа на способностите и индивидуалните карактеристики при изборот на професија. Дали е тимски играч, лидер, теренски работник итн. , но сепак, пред сé, најважно е каде може да се обезбеди егзистенција.

## 4. Колку родителите влијаат на изборот на занимањето на своите деца?

Родителите имаат големо влијание врз изборот на кариерата на нивното дете, но влијаат и врз процесот на донесување на одлуките кога станува збор за овој чекор и фаза во животот на детето. Најчесто тоа е поради фактот што целат кон успехот и среќата на своето дете, а еден од факторите кои придонесуваат до таа сатисфакција е и изборот на кариерата. Кога децата ја чувствуваат поддршката и љубовта на своите родители, имаат поголема самодоверба во своите способности, а чувствуваат и поголема самодоверба и при истражувањето на кариерниот избор кој ќе биде забавен, интересен и во согласност на нивните желби и аспирации. Од психолошка гледна точка, адолесцентите кои се чувствуваат компетентно во поглед на донесувањето на одлуки, имаат тенденција да донесат позадоволувачки и исполнувачки избори кога станува збор за изборот на кариера. Родителите може да имаат позитивно и важно влијание во одлуките на своите деца, но преголемата вклученост во процесот на правењето на одлуките, контролата и наметнување на сопствените желби може да резултира со негативни аутпути.

Иако родителите е потребно да се појават како столб за своите деца при правењето на клучните избори, тие најбитно е да имаат улога на давачи на поддршка и притоа на своите деца или адолесценти да им овозможат да откријат што сакаат да направат сами. Многу често се случува тинејџерите да се плашат од неодобрување на родителите при изборот на факултет и идна окупација на пример во кариери како уметност, музика, глума поради тоа што чувствуваат дека очекувањата на нивните родители се повеќе за професија која нуди поголема финансиска придобивка како архитектура, право, медицина. За жал, има и такви родители кои на секој начин сакаат да ги остварат своите амбиции, т.е она што тие не го постигнале, му го наметнуваат на своето дете и не ги прифаќаат неговите одлуки, сметајќи дека тие знаат подобро, а детето ништо не видело од животот (нема искуство) и не знае што сака.

Сметам дека не треба така. Кога веќе имаме деца, ги учиме и воспитуваме да бидат свои личности, нормално дека треба да им дозволиме самите да одлучуваат што сакаат да бидат и да постигнат во животот. Макар и да донесат погрешна одлука, тоа е нивно право. Како инаку ќе учат од сопствените грешки?

## 5. Што можете да кажете за професионалната ориентација на ромите студенти?

Имајќи ја предвид севкупната лоша економска ситуација во државата и големиот број на невработени Роми, се отвараат прашањата: дали Ромите се мотивирани за да работат? што е тоа што ги мотивира Ромите да бараат работа? Одговорот на овие две прашања треба да го потврди или негира распространетиот стереотип за тоа дека Ромите не сакаат да работат, кој генерира вековна предрасуда кон припадниците на ромската зедница воопшто.

## 6. Дали тие го избираат она што сакаат да им биде понатамошна кариера или не?

Образованието е еден од клучните фактори кое се јавува како проблем кај ромската популација и кое ги прави да не се конкурентни на пазарот на труд. Семејствата кај ромската заедница не се економски доволно ситуирани да им понудат на децата поквалитетно школување а ситуацијата е толку лоша што и најосновните потреби на еден ученик не можат да се задоволат. Иако во последната година има иницијативи на давање стипендии, резултатите би можело да се очекуваат само на подолг период. Не е бенигна ниту појавата која додатно ја отежнува позицијата во ромската заедница - децата уште во моментот кога треба да се профилираат во средните училишта, се упатуваат во понеатрактивните школи кои произведуваат послабо продуктивни и неатрактивни кадри за пазарот на труд. Неконкурентноста на пазарот на труд во голем дел е пречка за нормално вработување на Ромите. Дискусиите во



сите фокус групи јасно и недвосмислено потврдија дека Ромите лесно прифаќаат друг да ги дикриминира и во моментот чувствуваат дека тоа така требало да биде, а од друга страна и кога сакаат да се справат со дисриминацијата немаат моќ, пари и доверба во институциите за да одат до крај со процесот.

## 7. Дали дискриминацијата во училиштата е една од главните причини од која тие не ги бираат тие образовни установи?

Државата не обезбеди вистинска инклузија на Ромите, поради што ромската заедница останува најранлива и најмаргинализирана во државата. Кога станува збор за системска, односно институционална дискриминација, генералниот впечаток е дека државата потфрли да обезбеди минимум стандарди за живот на ромското население и вистинска инклузија во општеството, поради што ромската етничка заедница останува да биде најранливата и најмаргинализираната во државава. Сé уште постојат области во кои Ромите постојано се дискриминираат, особено во делот на државјанството, сегрегацијата на децата Роми во училиштата, запишување на деца Роми во специјалните училишта без основа, ограничувањето на правото на движење на Ромите во случаите кога сакаат да ја напуштат државата, како и прекумерна употреба на сила од страна на полицијата.

## 8. Што мислете што треба да се направи за да овој проблем (доколку е присутен ) да исчезне?

Иако дискриминацијата на пазарот на труд е тешко да се докаже, нееднаквиот третман кон Ромите прикажан преку многу јавни примери го потврдуваат присуството на овој феномен. Мое лично видување е дека оваа појава значително придонесува за високите стапки на невработеност, како и за застапеност на ромската заедница во профилот на ниско доходни позиции. Несомнено, образованието и работно искуство во голема мера влијаат на пазарот на труд. Во овој контекст аргументите одат во прилог дека ромската заедница има помало ниво на образование и помало работно искусвто и затоа и произлегува високиот процент на невработеност и сегрегирање на работните позиции.

Спротивно на овие аргументи, постојаните примери укажуваат на постоење на дискриминација на пазарот на труд и во образованието. Затоа Ромите влегуваат на пазарот на труд со веќе стекнати разлики кои поради истиот фактор се манифестират во ниска вработеност на ромската заедница. Сепак, дополнителната едукација, знаењето, искуството, вештините на една индивидуа или на група на индивидуи го отсликува потенцијалот на човечки капитал на одредена заедница во едно општетво.

автор: Доан Сулејманоски

# РОМАВЕРЗИТАС АЛУМНИ




## Со квалитетно образование, желба и труд до успехот

Нескротливиот дух уште како дете беше моја одлика, љубопитноста кон работите околу мене секогаш беше причина за да дојдам до нови знаења, воодушевување, мали и интересни „неволји“ кои понекогаш од претерување резултираа со по некоја шлаканица од мајка ми. Така растејќи од мало, зборлесто, палаво детенце започнав да одам на училиште и со малку поголема заинтересираност кон училиштето и учењето завршив основно образование во ООУ „Добре Јованоски“ во Прилеп, нормално со просек 5.00 во сите години на образованието и со одликување-Првенец на генрацијата 2009 година, како и НАЈ-Ученик на ниво на сите основни училишта на град Прилеп. Заинтересиран за повеќе области се двоумев каде да го продолжам средното образование, но сепак одлучив да продолжам на насоката правен техничар при СОЕПТУ „Кузман Јосифоски - Питу“ - Прилеп. Предизвик ми беше да учам во клас каде што бев само јас Ром, но навистина потоа ми беше задоволство и чест, затоа што се трудев да бидам најдобар пример дотогаш. За време на моите средношколски денови во Прилеп бев вклучен во поголем број на организации ангажиран работно или како волонтер. Додека бев средникст успешно и посветено ги надоградував афинитетите кон општествените науки, поточно кон правото како наука, посветувајќи се на образованието и остварувајќи практична настава во Основниот Суд Прилеп. Од желба за компетитивност, во трета година, се пријавив на конкурсот за доделување на стипендии за студирање на ФОН Универзитетот. При спроведеното тестирање и интервјуирање од страна на универзитетот како апликант на Факултетот за правни науки бев

прворангиран од сите пријавени кандидати од Р.Македонија. Во правното училиште имав чест да ја водам Локалната младинска организација во која членуваа ученици од училиштето, а како завршен чин на средното образование бев прогласен за првенец на генерацијата-2013 година, како и еден од најдобрите ученици на ниво на сите средни училишта од град Прилеп.

Периодот кога започнав на факултет беше особено важен за мене, затоа што тогаш настанаа големи промени како на индивидуално така и на професионално поле. За мене беше предизвик Факултетот за правни науки, и условот за да задржам просек над 9.3, доколку сакам да ја задржам стипендијата за следната академска година т.е да не плаќам никаква партиципација. Моите почетоци во Скопје беа тесно поврзани со Ромаверзитас. Тоа беше местото каде најчесто престојував, ги посетував активностите за студенти, место извонредно за дружба и социјализација, а лично за мене простор каде ги запознавав сите други студенти и корисници на Ромаверзитас, за кои денес, за дел од нив со задоволство можам да кажам дека ми се најдобрите другари и сопатници во мојот живот. Особено голем придонес за да моето образование непречено се одвива, покрај моите родители кои постојано се посветени на мене и мојата кариера, придонес има и стипендирањето од страна на РЕФ-Будимпешта во рамки на нивната програма РМУСП. За време на додипломските студии активно се вклучив во поголем број на организации кои директно или индиректно придонесуваат за развој на ромската заедница и за подобрување на некоја сфера од нивното живеење. Додипломските студии успешно ги завршив со просек 9,9 и со подготвен дипломски труд на тема: Анализа на кривични дела. За време на студирањето се вработив како наставник по предметот Јазик и култура на Ромите во ООУ „Васил Главинов“ Скопје, а потоа почнав и да предавам правни предмети во СУГС „Шаип Јусуф“ Скопје.

Денес со огромно задоволство можам да зборувам за моите работни искуства и ангажмани за време на престојот и работата во Скопје. Веќе четврта година како предавач во рамки на програмата Учиме право од страна на МОФ-Скопје, која ги опфаќа средношколците Роми од град Скопје. Програма која овозможува познавање на основните правни концепти кои се потребни за секој граѓанин во демократското општество, програма која придонесува кон подобрување на правоспознанието и интеграција на младите Роми и нивно социјализирање и запознавање со институциите на системот. Веќе втора учебна година како класен раководител и професор во првото средно училиште во населбата Шуто Оризари- „Шаип Јусуф“ Скопје.



Задоволството од тоа работно место е незаменливо. Моите говорнички и презентерски вештини, како и познавањата од областа на правото стекнати за време на моето образование, добив шанса да ги реализирам во рамки на формалното образование и да реализирам настава по правните предмети: вовед во правото и конституционото уредување на РМ. Со самото вработување, добив поголем број на задачи и обврки во училиштето, како и ја имав честа да бидам првиот професор Ром кој зачекори по ходниците на тоа училиште, па од овие и низа причини истакнувам дека денес помеѓу мене и училиштето постои себе-спознавачка врска која говори за мојата посветеност во таа институција. За мене учениците велат дека сум прилично строг, но и доста јасен и интересен предавач, кој секогаш се труди да ги разбере и да ги мотивира да го совладат предметниот материјал. Покрај работата во средното училиште, се трудам да бидам активен во повеќе области и секаде каде што можам да се посветам за подобрување и придонес кон мојата заедница. Покрај тоа денес исто така сум и студент на магистерски студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ - Скопје на катедрата по казнено право, со потесна специјализација казнено материјално право. Од првиот момент на моето доаѓање во Скопје, па се до денес за мојата неуморност говорат многуте ангажмани во поголемиот број на организации, клубови, но и практикантства или пак работни ангажмани во државни институции, говори мојот успех за време на целиот досегашен образовен процес, говорат моите работодавачи, моите соработници, моите колеги, ученици....

**Моја препорака:** Квалитетното образование, желбата и трудот се клучните работи кои треба да не водат низ тешкиот процес по патеката која гледа кон врвот наречен успех. Успехот не доаѓа преку ноќ, тоа е резултат на труд и само труд, на желба и напор кој треба да произлезе од секој студент кој сака својот народ и своето општество да ги виде во подобро изданије, а реализирајќи го тоа себеси да се изгради во препознатлива личност, личност која ќе придонесува и ќе биде дел од промените за подобар живот и подобро утре.





*автор: Мухамед Ајваз*

# СОЦИЈАЛНА ПСИХОЛОГИЈА

## Адолесценција – период на формирање идентитет или конфузија?

Адолесценцијата е животен период во кој лицето расте и созрева. Називот произлегува од латинскиот глагол „adolescere", што значи расте, созрева. Таа се дефинира како период на бурни промени, односно период на транзиција од детство во зрелост. Во него се случуваат физички, психолошки и социјални промени. За почеток на адолесценцијата се смета пубертетот, а за крај, периодот на рана зрелост. Едни од развојните задачи на адолесценцијата се следниве: физичка зрелост (од 10 до 14 години); интелектуална компетентност, емоционална и социјална зрелост (од 15 до 19 години) и морално расудување, личен идентитет, односи со врсниците од двата пола, градење хетеросексуални врски, определување на професијата, стекнување на економска независност, подготовка за брак и семејни обврски (до 24 години).

Според теоријата на Ерик Ериксон (психоаналитичар), психосоцијалниот развој поминува низ осум фази од раното детство до зрелоста. Во секоја од фазите, личноста искусува психосоцијална криза која што може да има позитивен или негативен резултат кој влијае на личносниот развој.

Пет од фазите се случуваат до 18-та година, додека останатите три во подоцнежниот живот на личноста. Ериксон главен акцент става на периодот на адолесценцијата, бидејќи смета дека е од голема важност во формирање на личносниот идентитет. Според него, од (НЕ)успешното реализирање на секоја од фазите зависи

„здравоста" на личноста. Во продолжение се издвоени фазите кои се случуваат во периодот пред и по адолесценцијата.

**Идентитет наспроти конфузна улога (5-та фаза)** - се случува во периодот на адолесценција од 12-18 години. Во оваа фаза, адолесцентот го гради себството и личниот идентитет преку интензивна потрага на личните вредности, верувања и цели. Транзицијата во оваа фаза е многу важна бидејќи децата стануваат независни и почнуваат да гледаат кон иднината од аспект на својата кариера, односи со други и семејство. Во оваа фаза детето мора да ги научи улогите и обврските со кои ќе биде окупиран како возрасен.

**Интимност наспроти изолација (6-та фаза)** - се случува во рана зрелост (18 до 40 години). Ова е почеток на градење долготрајни односи придружени со посветеност, со лица кои не се членови на потесното семејство. Успешното реализирање на оваа фаза може да резултира со успешни односи и чувство на безбедност и безгрижност. Избегнувањето на интимност, страв од посветеност и градење односи може да доведе до изолација, осаменост и депресија.

Сликата за себе во адолесценцијата е во тесна зависност од социјалната средина со која адолесцентот е во интеракција (семејство, класата, расата). Во социјалната средина се вклучени и интерперсонални својства, односно, социјални вештини и компетенции во училиште.

Кога адолесцентот нема поддршка од средината, се јавуваат нарушувања. Поради тоа од особена важност е поддршката од семејството и врсниците кога се минува од доцно детство во рана адолеценција. Значајно е дека во раната адолесценцијата вообичаено расте и поддршката од врсниците, но немањето поддршка од врсниците води кон лична неприспособеност и депресија.

Според анализите, адолесцентите насилници и убијци биле отфрлени и понижени од врсниците, без поддршка од родителите и со ниска самопочит.

**Скала на психосоцијален развој според Ериксон**

| Приближна возраст | Психо-социјални кризи |
|---|---|
| Новороденчиња-18 месеци | Доверба наспроти Недоверба |
| 18 месеци – 3 години | Автономија наспроти Срам и Сомнеж |
| 3-5 години | Иницијатива наспроти Вина |
| 5-13 години | Компетенција наспроти Инфериорност |
| 13-21 година | Идентитет наспроти Конфузија на улоги |
| 21-39 години | Интимност наспроти Изолација |
| 40-65 години | Грижа наспроти Стагнација |
| 65 и повозрасни | Его интегритет наспроти Очај |

*автор: Енес Биљали*

# РОМСКИ ИДЕНТИТЕТ



## ДЕН НА ОТПОРОТ - 16 МАЈ ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ!

Точно 73 години Ромите во светот го одбележуваат Денот на отпорот – 16 Мај. Токму на овој ден во 1944 година тие ја покажаа својата храброст и револт од страдањето во времето на владеењето на нацистичкиот режим во Европа, затворани, мачени и убивани во концентрациониот логор Аушвиц - Бикренау. Претходно, долги години, нацистичкиот режим градел предрасуди и ги гледал Ромите како „asocials" (надвор од “нормалното" општество) и како „инфериорна“ раса. Масовни убиства на Ромите го достигнал врвот на 31. Јули - 2 Август 1944 година, кога Германците почнале да го ликвидираат "Циганскиот камп" (Zigeunerlager). Речиси 3.000 Роми биле убиени само во оваа единствена операција.

## Указ за „конечно решение“

Затоа што, на 16 декември 1942 година, Хајнрих Химлер издал указ со кој Ромите и Синтите од територијата на Рајхот требало да бидат депортирани во Аушвиц како дел од „конечното решение“. Оние семејства што не биле во притвор, дополнително биле апсени во раните утрински часови или од нивните работни места. Тој имал луда цел – индустриско убиство на целото малцинство.

Поради ова, им биле одземени личните имоти, документите, сите пари. Стиснати со стоки и во тесни комбиња, многумина изгинале при патувањето до Аушвиц, кое траело неколку дена. На 2-ри август ноќта и на 3-ти август во раните утрински часови, сите затвореници од логорот, без исклучок, биле убиени во гасни комори.
Иако, за среќа, многу Синти и Роми успеале да побегнат

од депортацијата, криејќи се под земја. Поради ова, официјално, 2-ри август се одбележува како Ден на Ромскиот холокауст.

## Со камења против нацистите

Масовното убиство требало да се случи на 16 мај 1944 година на повеќе од 6.000 ромски затвореници. Но, ден порано, почнало движењето на отпорот во кампот на Ромите. Тие се забарикадирале во своите колиби, вооружени со чекани, казми и лопати. Децата собирале камења. Ромите почнале да се борат со нацистите за своите животи. Аушвиц никогаш не доживеал нешто слично, а човечки жртви имало на двете страни. По ова, како казна, нацистите не им давале храна на Ромите бунтовници. За да го смират бунтот, одлучиле 1.500 затвореници да ги преселат од овој логор, а дел од нив ги пратиле во концентрациониот камп Бухенвалд. Дел биле транспортирани во логорот Флосенбург, а дел во Равенсбрук. Сепак, кобниот 2-ри Август, сите Роми од логорот Бле (Blle) биле убиени во гасни комори, иако Ромите возвратиле на оваа темна ноќ.

Иако, светот (не) ги признава овие страдања и значењето на овој ден, сепак овој ден може да се оквалификува како последна фаза за т.н. „конечно решение на ромското прашање". Неофицијалните бројки велат дека биле убиени меѓу 300.000 и 500.000 Роми. Затоа, светот го оквалификува и како „Заборавен Холокауст", бидејќи Ромскиот геноцид бил исклучен од историјата на Втората светска војна.

Немало ниту сведоци на Нирнбершкиот процес. Сепак, во 1950 година, германските судии имале слух за барањата за денационализација од страна на Министерството за внатрешни работи каде се наведува дека "Ромите се прогонувани под режимот на Национал-социјалистичката



партија, но не поради расна причина, туку затоа што имале асоцијално и криминално досие". Дваесет години подоцна, активисти и научници од светот ја продолжиле борбата да се признае геноцидот како дел од едно пошироко движење за правата на Ромите.

Дури во 1982 година, Германија ги признава злосторствата против Ромите за време на Втората светска војна. Исто така, во 2012 година, канцеларката Ангела Меркел призна и направи споменик на Ромскиот геноцид во Берлин. На 8 април 2015 година, Европскиот парламент усвои слична резолуција кој е повик Втори Август да биде признат како Ромски холокауст, Меморијалниот ден во спомен на жртвите на геноцид на Ромите во текот на Втората светска војна.

**Слава и чест на споменот на овие ромски херои. Да не дозволиме да се повтори катастрофата.**



Проектот Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија. Ромаверзитас од програма на ФООМ премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршказа личен развој.

Цели на проектот

• да се зголеми бројот на студенти Роми во државните и приватните универзитети во Република Македонија;

• да се зголеми вклученоста на студенти Роми во високото образование преку обезбедување индивидуална, академска и неформална поддршка;

• да се подобрат академските перформанси, постигнувања, индивидуални вештини и капацитети на студенти Роми запишани во државните и приватните универзитетите во Република Македонија;

• да се креира средина за општествена партиципација на младите Роми во Република Македонија за прашања кои се поврзани со инклузија на Ромите;

• да се формира РОМАВЕРЗИТАС алумни од Роми со завршено високо образование кои беа поранешни корисници на активностите на РОМАВЕРЗИТАС.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas

ROMA EDUCATION FUND